„Смртта ќе биде доведена во форма на црно-бел овен,

Ебу Сеид ел Худри, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Смртта ќе биде доведена во форма на црно-бел овен, па гласникот ќе повика: ‚О жители на Џенетот', и тие ќе ги подигнат своите глави и ќе погледнат, па гласникот ќе праша: ‚Го препознавате ли ова?' Тие ќе речат: ‚Да, ова е смртта,' и сите ќе ја видат. Потоа гласникот ќе повика: ‚О жители на Огнот,' и тие ќе ги подигнат своите глави и ќе погледнат, па гласникот ќе праша: ‚Го препознавате ли ова?' Тие ќе речат: „Да, ова е смртта," и сите ќе ја видат. Смртта ќе биде заклана, и гласникот ќе рече: ‚О жители на Џенетот, ви претстои вечноста без смрт, и о жители на Огнот, ви претстои вечноста без смрт.'" Потоа Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, го рецитира ајетот: „И предупреди ги со Денот на тагата, кога со полагањето на сметката ќе биде завршено, а тие се во немар и тие не веруваат." (Мерјем, 39)

[متفق عليه] [صحيح]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, објаснува дека смртта ќе биде донесена на Судниот ден во форма на црно-бел овен. Потоа гласникот ќе повика: „О жители на Џенетот," и тие ќе ги подигнат своите глави и ќе погледнат. Гласникот ќе праша: „Го препознавате ли ова?" Тие ќе речат: „Да, ова е смртта," и сите ќе ја видат и ќе ја препознаат. Потоа гласникот ќе повика: „О жители на Огнот," и тие ќе ги подигнат своите глави и ќе погледнат. Гласникот ќе праша: „Го препознавате ли ова?" Тие ќе речат: „Да, ова е смртта," и сите ќе ја видат. Потоа смртта ќе биде заклана, и гласникот ќе рече: „О жители на Џенетот, ви претстои вечноста без смрт, и о жители на Огнот, ви претстои вечноста без смрт." Ова ја зголемува благодатта и уживањето за верниците и агонијата во казната за неверниците. Потоа Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, го рецитираше ајетот: „И предупреди ги со Денот на тагата, кога со полагањето на сметката ќе биде завршено, а тие се во немар и тие не веруваат." (Мерјем, 39) На Судниот ден ќе бидат поделени жителите на Џенетот и Огнот, и секој од нив ќе влезе во своето вечно престојувалиште. Грешникот ќе жали и ќе се кае бидејќи не правел добро, додека немарниот ќе жали бидејќи не правел уште повеќе добри дела.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/65035